ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРОФ. Д-Р СТРАШКО СТОЈАНОВСКИ

Врз основа на реализирани активности во текот на 2016 година, како дел од проектните активности кои Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ги реализира во партнерство со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а како координатор на проектните активности од Правниот факултет во Штип, проф. д-р Страшко Стојановски го поднесува следниот:

ИЗВЕШТАЈ

1. **ДЕН НА СЕЌАВАЊЕ: 73 ГОДИНИ ОД ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ ОД ШТИП**




10. Март 2016 година. Во организација на Центарот за правно-политички истражувања, во Свечената сала на Правниот факултет во Штип се организира Трибина: ДЕН НА СЕЌАВАЊЕ: 73 ГОДИНИ ОД ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ ОД ШТИП. Трибината ја модерираа доц. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет во Штип и д-р Александар Манојловски од Институтот за национална историја-Скопје. Трибината се состоеше од два дела. Во првиот дел свои излагања имаа проф. д-р Кирил Барбареев, Проректор за настава на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Татјана Кокотова, Помошник Директор на Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, д-р Владимир Јанев, „Евреите во Македонија во периодот на османлиското владеење“, д-р Александар Манојловски, Институт за национална историја- Скопје, „Еврејската заедница во Македонија во периодот на Втората Светска војна“, Маја Суша, Сектор за истражување и архивирање на документатација, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, „Меморија и Комеморација – Предизвик на денешницата“. За време на паузата беше организирана изложба на фотографии „Еврејско маало во Штип“, Хол на Правен факултет во Штип. Во

вториот дел презентации имаа студенти од Правниот факултет во Штип и ученици во Средното општинско училиште „Славчо Стојменски“-Штип. Холокаустот и Евреите во Втората Светска војна (Марина Карова, Студент на Правниот факултет во Штип); Холокаустот и Евреите во Литванија (Јута Лиуткевичиуте, Еразмус студент од Универзитетот во Вилнус, Литванија); Еврејската заедница во Македонија (Филип Цуцковски, Студент на Правниот факултет во Штип); Еврејската заедница во Штип (Христина Спирова, Студент на Правниот факултет во Штип); Ромската заедница во Холокаустот (Ерол Адемов, НВО „Здружение на мултиетничко општество за човекови права – Штип“); Читање на извадоци од книгата „Штипските Евреи“ (Росана Бадева, Средно училиште „Славчо Стојменски“ –Штип); Есеј на тема „Ние се сеќаваме“ (Марија Величковска, Средно училиште „Славчо Стојменски“ –Штип); Читање на поезија „Маршот на Евреите“ од Сеат Балтиќ (Росана Бадева, Средно училиште „Славчо Стојменски“ –Штип).



Линкови
https://www.youtube.com/watch?v=BrSj2CDFhi0&feature=youtu.be

http://l.facebook.com/l.php?u=http%3A%2F%2Fwww.televizijastar.com%2Findex.php%2F2013-12-12-17-26-39%2Fitem%2F8086-73-godini-od-deporatacijata-na-shtipskite-evrei&h=aAQFL4s1RAQFSueQ39qYLarfZvLIA8p5efvmVorerODsssw&enc=AZPGNpEvvEoK5Rt-rCOXPwTEeg3zrxMM0ZuefuFRA74PZLCU9kP6t9KdE89UsqCdBleaGBz5OnLoYlI_2PF-BHpeLmMxImPPm5fG6_epFjw3ZXyUA1ep_miwA2_5OybP09jpTlQMsfNevvQKl9vxSb2l0W-db_mvYE_glbs-xXjPblCm2HqGiZeO5frmXa9kkF71xyGJWP18zh0o7yoaDoz5&s=1

https://www.youtube.com/watch?v=5ENzL64RfVI&feature=youtu.be

2. **Дебата: Policy of Education: Quality vs Quantity**



20. Април 2016 година. Во организација на Центарот за правно политички истражувања на Правниот факултет во Штип и Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, во Свечената сала на правниот факултет во Штип се организира дебата Policy of Education: Quality vs Quantity. Поздравни обраќања на дебатата имаа проф. д-р Страшко стојановски од Правниот факултет во Штип, доц. д-р Олга Кошевалиска, Продекан за настава на Правниот факултет во Штип и м-р Флорида Реџепи од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија. Во дебатата учествуваа студентите од Правниот факултет во Штип: Филип Кулаков, Ивана Стојанова, Христина Спирова, Ристо Чанев, Мартина Георгиева, како и Јута Лиуткевичиуте, Еразмус студент од Литванија. Дебатата се реализира на англиски јазик.

Линкови
http://www.time.mk/c/5340694f2f/debata-obrazovni-politiki-kvalitet-nasproti-kvantitet.html

http://iris.mk/index.php/vesti/lokalnivesti/14519-2016-04-20-13-52-49

https://youtu.be/LR24x_BZ85I

https://www.youtube.com/watch?v=SKviLIZh-Yg&feature=youtu.be

3. **Работилница: Говор на омраза**

21. Април 2016 година. Во свечената сала на правниот факултет во Штип се реализира работилница за Говор на омраза. Работилницата ја водеше м-р Томе Шекерџиев од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со учество на студентите на Правниот факултет во Штип, Александар Симонов и Никола Лазаревски. Како слушатели на работилницата присуствуваа студенти од прва година на Правниот факултет во Штип и ученици од Средното општинско училиште „Славчо Стојменски“ од Штип.

Линкови
http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/ugd/vesti-12/5755-debata-govor-na-odmazda

https://www.youtube.com/watch?v=rgQ7bG68SaY&feature=youtu.be

http://iris.mk/index.php/vesti/lokalnivesti/14526-2016-04-21-14-38-20

4. **Дебата: Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа**



5. Мај 2016 година. Студентите од Правниот факултет при УГД дебатираа меѓусебно на темата „Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа“. На оваа јавна дебата студентите ги анализираа аргументирано сите страни на овој комплексен проблем со кој се соочува Европа, но и Македонија. Студентите од Правниот факултет при УГД дебатираа меѓусебно на темата

„Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа". На оваа јавна дебата студентите ги анализираа аргументирано сите страни на овој комплексен проблем со кој се соочува Европа, но и Македонија. Студентите од сите години на Правниот факултет беа поделени во два тима, едните кои тврдеа дека мигрантската криза има повеќе негативни од позитивни страни, а другиот тим токму спротивното. Во тимот на афирмативците, односно оние кои сметаат дека миграцијата треба да биде дозволена и да се пропуштаат мигрантите, учествуваа Сања Саздова, Мануела Велкова и Ивана Коцева, а во негативниот тим учествуваа Љупка Спирова, Александра Трајкова и Трајче Арсов. Дебатата ја модерираше студентката Мартина Георгиева. Дебатата беше под менторство на професорот д-р Страшко Стојановски.

Линкови
https://youtu.be/EeGSnuvdOpo

http://life.ugd.edu.mk/index.php/studenti-life/item/947-debata-pozitivni-strani-na-migrantskata-kriza

5. **Промоција на книги**



9. Мај 2016 година. Денот на Европа - 9 мај беше одбележан на Универзитетот „Гоце Делчев", со промоција на изданијата на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет. Беа промовирани книгите „Од милет до нација, создавање на нациите и национализмите на Балканот" од проф. д-р Страшко Стојановски, чиј промотор беше проф. д-р Марија Ташева, „Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика" од доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, промотор доц.

д-р Олга Кошевалиска, и книгата „Зошто идеологијата е важна“ од група автори, како и зборниците од Првата и Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, кои во 2014 и 2015 година се одржаа на Правниот факултет, чиј промотор беше деканот на Правниот факултет проф. д-р Јован Ананиев.




Линкови
https://www.youtube.com/watch?v=CLvNrxGMjzA

http://iris.mk/index.php/vesti/lokalnivesti/14606-2016-05-09-15-24-50

http://life.ugd.edu.mk/index.php/ugd-zivot-life/item/955-odbelezan-denot-na-evropa

## 6. Трибина: Распадот на Југославија – 25 години подоцна

12. Мај 2016 година. „Распадот на Југославија – 25 години подоцна“ беше темата на трибината која ја организираше Центарот за правно – политички истражувања на Правниот факултет на УГД. На трибината, пред студентите на Правниот факултет говореа доц. д-р Дејан Маролов, проф. д-р Тодор Чепрганов и проф. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет при УГД, како и проф. д-р Славејко Сасајковски од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања од Скопје.

Линкови

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/ugd/vesti-12/5795-raspadot-na-jugoslavija-25-godini-podocna

http://iris.mk/index.php/vesti/lokalnivesti/14627--25-

7. **Летна школа на тема Човекови права и кривично право**



Летна школа на тема Човекови права и кривично право, се организираше од 21 до 27 јули во Охрид, а ја организираа правните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Државниот универзитет во Тетово, поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во подготвителниот период беше формиран Организационен одбор на Школата, кој го сочинуваа: проф. д-р Јован Ананиев и проф. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Агим Нухиу и проф. д-р Насер Адеми од Државниот универзитет во Тетово и доц. д-р Жанета Попоска и м-р Томе Шеќерџиев од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Линкови
http://life.ugd.edu.mk/index.php/ugd-zivot-life/item/1098-ugd-za-prvpat-organizirashe-letna-shkola-za-pravnici

https://www.facebook.com/clpr.mk.org/photos/pcb.915774491864430/915773131864566/?type=3&theater

8. **Посебен панел за човекови права на Третата меѓународна научна конференција: „Општествените промени во глобалниот свет“**



1, 2. Септември 2016 година. Во организација на Центарот за правно политички истражувања на Правниот факултет во Штип се реализира Третата меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет. На конференцијата учество земаа повеќе од стотина истражувачи од 15 земји во светот. Истата се одвиваше во неколку работни секции: право, општество, политика и медии и комуникации. Во рамките на свеченото отворање на конференцијата свои обраќања имаа: Проф. д-р Блажо Боев, Ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Јован Ананиев, Декан на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Зоран Караџовски, Претседател на Судскиот совет на Република Македонија, како и Стојанче Рибарев, Претседател на Апелациониот Суд во Штип. Конференцијата беше поддржана од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за образование и наука, при Владата на Република Македонија. Во рамките на конференцијата се реализира посебен панел посветен на меѓународно-правната заштита на човековите права.

Линкови
http://life.ugd.edu.mk/index.php/ugd-zivot-life/item/1109-opstestveni-promeni-vo-globalniot-svet-konferencija-praven

http://iris.mk/index.php/vesti/lokalnivesti/15211-2016-09-01-13-14-38

http://sitel.com.mk/megjunarodna-nauchna-konferencija-opshtestvenite-promeni-vo-globalniot-svet

https://www.facebook.com/clpr.mk.org/photos/ms.c.eJw9ksmRRTEIAzOawmyG~;BOb94XFsUsggXF7altE1dFQ~_~_vhE377tJN1mHoq6k~_SXY9HeT2~_OixkR73Q7~;a

PvftxTV76MvrtPO7xU~;q1oz6e7iLQj5JnXrdl5N03rx8DZ5Ax~;zcVudGvrNeCXr6M~;hByj8687wF~_fOlviXrX1eEvzPPZR84y~_nP1GL6PYziW89cv1eSLPKVf4r7f2uREv3O~;xDxymXd9~_Cyj3lYf~;523DLoyv5Bn~;C~;f9Ufn~_zXuLbGsw~;YPK~;6GdQ~-~-.bps.a.946293465479199.1073741856.495333613908522/946293558812523/?type=3&theater

9. **Студентска конференцијата: Социјална стабилност, владеење на правото и недискриминација**



Во просториите на Државниот универзитет во Тетово, на 3 октомври 2016 година, се одржа Првата конференција наменета за студентите на правните факултети во Република Македонија. Конференцијата со наслов „Социјална стабилност, владеење на правото и недискриминација“ е организирана од студентите на правните факултети при Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Покрај учесници од партнерските правни факултети, на Конференцијата учествуваа и студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и правните факултети при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот на Југоисточна Европа.

Од името на Правниот факултет при УГД обраќање имаше проф. д-р Страшко Стојановски, додека од името на Организациониот одбор се обрати студентката Елена Трајковска.

Во делот на клучни излагачи обраќање имаа Бојана Трајчева и Трајче Арсов, студенти на Правниот факултет во Штип. Во четирите панел-дискусии посветени на владеење на правото, недискриминација, говор на омраза и социјална еднаквост учествуваа 15 студенти од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.




Линкови

http://life.ugd.edu.mk/index.php/studenti-life/item/1147-prva-studentska-konferencija-praven

**10. Трибина: 25 години од Уставот на Република Македонија**



На 17 ноември 2016 година на правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а во организација на Центарот за правно политички истражувања се одржа Трибина „25 години од Уставот на Р. Македонија“. На трибината излагања имаа проф. д-р Владо Поповски, еден од авторите на првиот Устав и проф. д-р Светомир Шкариќ, Професор по Уставно право. Исто така, во рамките на трибината беше промовирана книгата „Создавањето на независна Република Македонија: Внатрешни состојби и надворешна политика“ од авторите доц. д-р Дејан Маролов и м-р Оливер Митев. Настанот беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Линкови
http://www.time.mk/c/35b1073e90/vo-stip-tribina-po-povod-25-godini-od-sozdavanjeto-na-ustavot-na-r-makedonija.html

https://www.youtube.com/watch?v=w7LsjWcdY-g

https://www.youtube.com/watch?v=F1xa7Jo5I8o&feature=youtu.be

https://www.youtube.com/watch?v=XTvaw7y4tcE

http://life.ugd.edu.mk/index.php/nauka-life/item/1191-pravniot-fakultet-ja-odbelezha-25-godishninata-od-donesuvanjeto-na-ustavot-na-rm

## 11. Истражувачки стории

Студентите од групата Новинарство и односи со јавноста, трета година, под менторство на проф. д-р Страшко Стојановски, подготвуваа Истражувачки стории. Во рамките на оваа активност, најпрвин беше направена соодветна методолошка подготовка со реализирање на соодветни работилници. Во периодот март-април 2016 година, студентите дефинираа теми и се подготвуваа за истражувањата. Секој студент разработува посебна тема, со менторирање во текот на целиот процес на истражување. Истражувањата се спроведени во периодот мај-јуни 2016 година, а потоа следеше период на подготовка на сториите.
Во **Прилог 1**, како дополнување на овој извештај се понудени драфт верзиите на истражувачките стории на студентите.

# ПРИЛОГ 1: ИСТРАЖУВАЧКИ СТОРИИ

## Влијание на технологијата за психо - физичкиот развој на децата

Габриела Клетничка

Бројот на новородени деца за 2015 година е 23 767, што е за 458 или за 2% поголем од новородените деца во 2014 година. Според наведените податоци наталитетот во Република Македонија е во постојан раст, бидејќи од вкупно родените деца, 0,1% се раѓаат мртви.

Но проблемот при раѓањето на децата не е само смртноста, туку 30% од живородените деца се раѓаат со различни проблеми и пречки во развојот кои што може да бидат генетски.

Проблемите со кои овие деца се раѓаат се случуваат во утробата на мајката, но по раѓањето тие се повеќе доаѓаат до израз.  Сепак ова не е единствениот проблем, бидејќи кај децата кои се раѓаат без ниту еден проблем, ниту пак имаат пречки во развојот може да дојде до нивна појава, која ќе го оневозможи правилниот развој на детето.

Во денешно време проблеми врз прихо - физичкиот развој предизвикуваат комуникациско технолошките уреди и  иновативниот удар на најпознатата меѓународна мрежа – Интернетот.

Секаде во светот главна преокупација на секој млад човек од неговата четврта година се информативно комуникациските технологии.

Овој удар кои што ја зафаќа целата земја од ден на ден станува по влијателен како врз општеството и политиката, така и врз ставовите и мислењата на секој човек.

Со ова луѓето се во состојба воопшто да не излегуваат од своите домови, бидејќи комуникацијата преку компјутерите и смарт телефоните е многу побрза и поуспешна.

При спроведување на анкета помеѓу 100 испитаници на возраст од 10 до 14 години, на прашањата: Дали имаат свој Лап топ, Смартфон и Таблет  99% од нив одговорија со Да. Така што со ова се потврдува хипотезата : Технологијата има големо влијание врз младите.

Додека оној мал процент од населението кое не ги користи информативно комуникациските технологии се деца кои потекнуваат од семејства од социјален ризик.

Исто така при спроведената анкета на прашањето: Колку време поминувате пред компјутер или смарт?  60 % од децата одговорија дека во денот пред компјутер поминуваат од 5 до 10 часа, додека останатите 40% се вклучени повеќе од 10 часа дневно.

Така што тие поминуваат повеќе време пред компјутер и смарт, отколку за да ја поготват домашната задача. Бидејќи на прашањето: Просечно колку време ви треба за да ја подготвите домашната работа? Сите 100 испитаници одговорија од 1 до 2 часа најмногу.

Преголемата употреба на новата технологија уште од мала возраст доведува до појава на голем број проблеми, така што за 2015 година во Република Македонија 5 000 илјади родители побарале потврда за подигање на ортопедски помагала за своите деца, кои во главно се за искривен рбетен столб, како и проблеми со вратот.

Покрај овие проблеми употребата на електронските уреди доведува и до други проблеми.

Како прво брз растеж на мозокот, бидејќи дразбите кои се резултат на преголемата изложеност на современите уреди се поврзуваат со развојот на аномалии како што се проблем со способност да се задржи внимание на едно нешто, заостанување во конгитивниот развој, намалена способност за учење, како и намалена способност за самоконтрола.

Покрај ова  децата кои секојдневно користат смартфони се изложени на 30% зголемен ризик од дебелеење, како и подоцнежно развивање на дијабетес.

Може да дојде и до ментални болести, бидејќи игрите со физичко и сексуално насилство можат да предизвикаат детска агресивност. Компјутерите, смратфоните и таблетите може да предизвикаат и појава на канцерогени заболувања поради нивното штетно зрачење.

Исто така децата имаат проблеми и со видот, а тоа го потврдуваат и очните доктори, бидејќи компјутерот влијае на повеќе начин врз очите и видот:

„Еден компјутер на нашите очи делува на три начини. Прво честото гледање на близина максимално ги активира нашите мускули и тоа е оптеретување на нашите очи. Второ јаките бои кои ги има мониторот многу брзо го трошат нашиот видео пурпур и како трето мониторите имаат зрачење кое доаѓа до нашите очи, до очниот нерв и остава последици“ ,изјави Страхл Газепов, специјалист по очна медицина.

Покрај последиците кои може да настанат од влијанието на електронските уреди, се поголемата достапност до интернет мрежата, на децата кои се во развој и прави и проблеми во образованието. Достапноста на учениците до интернет во училиштето, во одредени случаи влијае негативно врз успехот на ученикот.

При спроведеното интервју на прашањето: Дали технологијата и интернетот влијаат позитивно или негативно врз оценките?

Наставник по одделенска настава од основното училиште  Ванчо Прке изјави:

„Честата  употреба на компјутерите и се поголемата достапност до интернетот, како и имањето на свој сопствен смарт телефон во одредени случаи влијае негативно, бидејќи за време на еден час доколку на ученикот не му биде одземан телефонот неговото внимание се насочува кон него, така што  ученикот не внимава на темата која се обработува на часот и тоа се одразува при подготвување  на домашната работа, како и во понатамошниот успех“ , вели Димче Клетнички.

Употребата на електронските уреди предизвикува проблем и при социјализацијата на децата, така што оние деца кои секојневно се со таблет или смартфон во рацете доаѓаат во ситуација да не можат да комуницираат со своите врсници, бидејќи не знаат како да започнат разговор.

Ова го потврдува и психолог кои вели дека „Се почесто во училиштата има деца кои одморите ги поминуваат сами на своите телефони и не можат да најдат другарче“.

Децата исто така се соочуваат и со агресивност, бидејќи гледањето на цртани филмови и играње на игри  со насилни и агресивни содржини, доведуваат до растројство на мозокот на едно дете, така што тоа дете при комуникација со останати другари се однесува агресивно и насилно.

Информативно комуникациските технологии  имаат голема предност и важност во извршување  на секојдневите активности, но при нивната употреба се соочуваме и со многу здравствени проблеми кои може да остават големи последици врз развојот на една млада личност.

Се со цел ова да не се случува, родителите како и образовните институции треба да преземат поголеми мерки за да ги заштитат децата, како и да спречат појавување на последици кои ќе остават траен белег.

Габриела Клетничка Бр. на индекс: 071733

**Дискриминација врз основа на сексуалната определба**

Александар Стефановски

ИНТЕРВЈУ:

Ф.Ј е млад дечко од Македонија, но поради анонимноста што ми ја побара во интервјуто ми дозволи да ги користам само неговите иницијали. Инаку тој живее во Скопје и е активно вклучен во активностите во насока на смена на  законите и борбата против ЛГБТИ-фобијата.

Колку е тешко да се биде  дел од ЛГБТИ заедницата во Македонија?

-Можам да речам екстремно тешко, постојано сме дискриминирани од институциите и секојдневно сме изложени на вербални напади и страв да не ни се случи нешто пострашно, но успеваме некако да се избориме со помош на организациите кои ни нудат помош и заштита.

Можеш ли да ми посочиш некоја случка во која си бил дискриминиран поради сексуалната определба?

-Јас лично се немам најдено во таква случка, но можам да ти раскажам за еден близок другар кој јавно е изјаснет дека е геј. Случката се случи на неговото работно место, работотодавецот дознал дека тој е геј и му рекол дека му дава отказ, дека неговите квалитети не се за тука. Откако тој го прашал зошто така мислите, му рекол дека не ги саква таквите како него. Другарот се обиде да дојде до правна развршница, но пресудата поради недостаток на докази беше изречена во корист  на работотодавецот.

Кои се твоите планови за во иднина и дали мислиш дека во Македонија ќе се смени нешто на подобро во однос на оваа прашање?

-Во план сум да си заминам од Македонија, најверојатно ќе одам во Канада, бидејќи не гледам подобрување на состојбата за луѓето со различна сексуална определба. Не можам постојано да живеам во страв, незнаејќи што може да ми се случи кога одам по улица.

Зошто Канада? Што ја прави Канада привлечна?

-Поради нивната политика, правната заштита и можност за брак. Исто така Канада е место каде секој може да се најде себеси и да најде луѓе слични на него или на нејзе. Секогаш ќе бидеш прифатен без разлика каков да си, и различноста е нешто со коешто луѓето овде се гордеат. Исто така Канада нуди можности коишто се релативно подеднакви за сите да успеат.

Што најмногу ќе ти недостасува од Македонија доколку си заминеш?

-Само другарите, семејството и борбата за права. Но, првин да заминам па тогаш ќе правам планови за во иднина.

Општо за сексуалноста:

Наскоро навршуваат 25 години од осамостојувањето на Република Македонија, ЛГБТИ луѓето и натаму живеат препуштени самите на себе и се третираат како граѓани од втор ред.

Сексуалноста е природен и скапоцен аспект на животот, суштествен и фундаментален дел на нашата човечност. За да можат луѓето да го постигнат највисокиот можен стандард на здравје, прво мора да можат да прават избор за нивниот сексуален и репродуктивен живот; тие мораат да се чувствуваат сигурни и безбедни при изразувањето на сопствениот сексуален идентитет. Денес дискриминацијата, стигмата, стравот и насилството претставуваат вистинска закана за многу луѓе. Овие закани и дејствија што ги предизвикуваат од застрашувања до загрозувања на животот - спречуваат многу луѓе да ги уживаат основните сексуални права и здравјето.

Континуираното потфрлање на државата и нејзините органи за да ги заштити луѓето со различна сексуална ориентација од дискриминација, само овозможи развивање на уште поголем говор на омраза и злосторства од омраза кон лицата со различна сексуална определба. Ова само  стана практика која само го зацементира негативниот тренд на неказнивост на сторителите на кривични дела врз ЛГБТИ лица и ја продлабочи недовербата на оваа ранлива група во институциите на системот. Според податоците од анонимната анкета за дискриминација што ја направив на интернет во која учествуваа 104 лица, податоците што ги добив, воопшто не беа неочекувани, знаејќи за ситуацијата во која се наоѓаат овие лица и нивната незаштитеност.

Анкета:

Анкетата според социо- демографските податоци ја пополниле околу 66% машки и 34% женски лица, од кои 40% се на возраст до 19 до 24 години, 31% се на возраст од 14 до 18 години и 29% се постари од 25години. Повеќе од половина испитаници се со средно образование односно 56%, додека пак 15% се со вишо и 29% се со високо образование. Според етничката припадност од испитаниците најмногу застапени се Македонците со 81%, по нив следат Србите со 5%, Албанците со 3%, Турците со 2% и 9% од анкетираните се изјасниле според друга етничка припадност. На прашањето ,, Колку е застапена дискриминацијата во нашата средина и помеѓу младите“ анкетираните испитаници одговориле со 38% дека е доволно застапена, 30 проценти многу застапена, по 16% одговориле дека е малку застапена и дека воопшто не е застапена. На следното прашање ,,Дали дискриминацијата се зголемува, намалува или останува иста? „ 75% се изјасниле дека се зголемува, 18% дека останува иста и 7% дека се намалува. На прашањето ,, Каде најмногу ја среќавате дискриминацијата врз основа на сексуална определба?“ 58% се изјаснија дека овој вид на дискриминација го среќаваат на Интернет и социјалните мрежи, со 16% е застапена на медиумите, 14% на училиште или факултет, 9% на улица и 3% на работното место. На прашањето ,,Дали знаат каде и како да се обратат за да пријавите дискриминација“ 79% од испитаниците одговиле со ,,НЕ“ и 21% со ,,ДА“. Анализата на овие анонимни одговори покажа дека постои многу ниско знаење за што е всушност дискриминацијата меѓу граѓаните и пред се тоа се должи на неинформираноста, незаинтерисираност, незнаењето какви последици предизвикува.

Имено според истражувањата кои ги спровела ИЛГА- Европа за 2016 година во која се испитуваат правата и состојбата во законодаството, Македонија бележи раст од неколку места во однос на 2015 година, но сепак се наоѓа на последно место од земјите во регионот. Ова се должи благодарение на Комисијата за заштита од дискриминација и невладините организации кои се занимаваат со овој проблем.

За да се адресира овој проблем, Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) во соработка со невладините организации одлучи да го дополни формуларот за пријавување на дискриминација, донесувајќи Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Со таквиот чекор се охрабруваат граѓаните да пријавуваат случаи на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и се испраќа порака за еднаквост. Сексуалната ориентација се наведува како еден од основите за дискриминација во Законот за заштита на пациентите.

Исто така и Уставот на Република Македонија, во својот член 9 содржи општа клаузула за еднаквост која предвидува дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“ (Устав, 1991, член 9). Меѓутоа, оваа одредба е доста критикувана поради тоа што го користи зборот граѓани со што остава впечаток дека странците (лицата без државјанство и лицата со странско државјанство) не се заштитени од дискриминацијата во согласност со оваа одредба. Исто така, во членот 9 не се содржани некои дискриминациски основи кои се актуелни во денешно време, како што се возраста, сексуалната ориентација или менталната и телесната попреченост, а згора на тоа содржи и затворена листа на дискриминациски основи.

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, којшто започна со примена од 1 јануари 2011 година, беше воспоставена и Комисијата за заштита од дискриминација како самостоен и независен орган кој има стриктно утврдени надлежности со овој Закон.

Во основа, надлежностите на КЗД во согласност со членот 24 од Законот можат да се поделат на два столба, односно две области на дејствување: првата е превентивна, која вклучува промоција на вредностите на еднаков третман и концептот на недискриминација, додека, пак, втората е онаа заштитната каде што КЗД има за цел да утврди и да даде насоки, мислења и препораки при постапувањето по конкретните случаи на дискриминација.

Заклучок од истражувањето:

Лицата со различна сексуална определба кои живеат во Македонија секојдневно се соочуваат со дискриминација, малтретирање и насилство. Овие постојани напади на физичко и психичко насилство и злоупотреба оставаат тешки негативни последици по менталното здравје и генерално по нивниот живот во општеството.

Александар Стефановски　　　　бр. На индекс 071863

## Работата и проблемите кои настануваат со е-индекс

Марија Божинова

Со зголемениот развој на информатичката технологија стариот систем на плаќање со поштенски уплатници се замени со електронскиот начин на плаќање т.н е-плаќање. Со новиот систем се овозможи побрзо и поедноставно плаќање во секое време. Со воведувањето на е-индекс на секој студент се овозможи брз пристап до своето досие, прегледност за нивното досегашно студирање, најавување во системот секогаш кога тоа и е потребно на студентите. Чекањето ред на студентски прашања за да ги завршат потребните пријаувања е минато, бидејќи со е-индекс во секое време можат да ги уплатат потребните средства, да го запишат и заверат семестарот или да го поднесат потребното барање. Е-индекс им овозможува на студентите навремено објавување на роковите за уплата и брз начин на пријавување.
За тоа колку студентите се задоволни од работата и функционирањето на е-индекс дознаваме од спроведената анкета меѓу студенти од различни години на студирање при УГД.

Анкетата е спроведена во електронски примерок од 80 испитаници студенти. По завршувањето на анкетата добиените резултати покажуваат дека на прашањето за тоа колку студентите се задоволни од функционирањето на е-индекс на скала од еден до пет, каде што со еден е отценето како незадоволително, а пет како одлично, резултатите покажуваат дека во најголем број и тоа 80% одговориле со оцена 3-делумно добро, а останатите 10% со одлично и само 10% со незадоволително.

Една од најголемите предности на е-индекс кои ги избрале студентите е е-плаќањето, префрлувањето на средства, поднесување на барање, како и прегледност.

Како најголема негативност на е- индекс е стабилноста на системот која 90% од студентите ја избрале како негативна карактеристика. Според студентите тоа е најголемиот проблем кој го имаат со е-индекс кога сите имаат потреба да се најават на системот, да уплатат средства, да ги пријават испитите, а системот тоа не и го дозволува поради преголемиот број најавени корисници во последниот ден кога истекува рокот за пријавување. Останатите 10% како негативна карактиристика на е-индекс ја избрале можноста за корекција на оцени.

Како информатор за работата на е-индекс, промените и новостите кои се поврзани со е-индекс студентите имаат можност да го посетуваат УГД инфо центарот или да ги следат соопштенијата кои постојано се објавуваат на страната на УГД инфо центарот и ги информираат студентите за новостите во системот. На прашањето колку често го посетувате и се информирате преку инфо центарот дури 75% одговориле дека воопшто не го посетуваат, 15% понекогаш го посетуваат и само 10% често го посетуваат.

Освен инфо центарот постојат и други начини за студентите да се информираат за работата на е-индекс и тоа 40% одговориле дека дознаваат преку студентски прашања, 40% на некој друг начин и 10% на страната на УГД. Голем е бројот на студенти кои сметаат дека информираноста за новостите и промените треба да се подобри и тоа 82% одговориле со да, 10% со не и останатите 8% со незнам.

Во интервју со раководителот на УГД инфо центарот дознаваме за тоа како ги информираат студентите, на кој начин, и дали студентите често го посетуваат инфо центарот.

Од инфо центарот изјавија дека соопштенијата  со новостите и промените секогаш се објавуваат на официјалната страна на Универзитетот, како и на страната на инфо центарот, и одговорните на студентски прашања се известени за промените за да ги информираат студентите, бидејки студентите најчесто се информираат преку студентски прашања. Роковите за пријавување и уплаќање секогаш студентите навремено можат да ги видат на е-индекс, исто и на УГД страната тие се впечатливо истакнати во периодот за пријавување. Студентите не многу често го посетуваат инфо центарот, најчесто тоа е доколку имаат некој проблем со е-индекс, како што е внесувањето на бодови, оценки.

Со зголемената експанзија на електронскиот систем се создаваат голем број предности како што се заштеда на време и трошоци, минимална транспарентност, минимизирање на грешки предизвикани од човечки фактор и ефикасно управување со податоци.

Марија Божинова

**Бугарски пасош, пат кон подобра иднина?**

Ана Стоилова

Големите политички, економски промени и кризи кои ја зафатија Македонија во последните неколку години ги принуди нејзините државјани спасот да го побараат во подобро ситуираните држави . Држави , кои им нудат подобри можности за вработување, еден подобар свет во кој ќе ги остварат своите интереси.

Се повеќе Македонци се одлучуваат за добивање на двојно државјанство. Отворени врати во повеќето Европски земји, обезбедување на солидна животна егзистенција за подобро утре се едни од главните причини поради кои луѓето посегнуваат кон бугарски пасош. Во последно време рапидно се зголемува бројот на Македонци кои својата иднина ја остваруваат надвор од својата татковина. На овој чекор се одлучуваат и млади и стари, вработени и невработени како и студенти и печалбари кои сметаат дека Македонија не им нуди шанси за напредување и за подобар живот. Заминуваат со надеж, во држава каде што нивниот труд ќе биде повеќе ценет и награден.

Трендот за вадење на бугарски пасоши започна уште во 2005 година и до ден денес се повеќе се зголемува , а една од причината што заинтересираноста се повеќе расте е што од 2014 година Европската Унија им овозможи на бугарските државјани слободен влез и работа во повеќе земји членки . Побарувачката за бугарски пасош е најголема во источниот регион, особено во градот Делчево , каде што повеќе од 70 % од жителите веќе имаат двојно државјанство. Не заостануваат ниту жителите на Берово, Виница, Штип, Кочани ... кои се одлучиле на ваков начин да го побараат излезот кон подобра иднина. Многубројни се и студентите кои шансата за подобро вработување ја бараат во пасош кој ќе им ги отвори портите на Европа.

Се уште не постои официјална статистика колку македонски граѓани досега поседуваат ваков пасош , а во јавноста се шпекулира со бројка од 100 до 150.000 .

Барањата за бугарски пасош се поднесуваат или во бугарската амбасада во Скопје, или во Државната агенција за Бугарите во странство во Софија. Лицата кои немаат време лично да одат за тоа можат да ангажираат и посредници. Во Македонија во секој град има најмалку по еден посредник за бугарско државјанство, а во источниот дел на државата ги има многу повеќе. За обичниот граѓанин процесот е многу сложен, но посредниците се тука да му ја олеснат работата. Целиот процес, од поднесувањето на документите до датумот на добивање државјанство и пасош, трае од една до две години. Цената на посредниците за бугарско државјанство се движи од 350 до 1.000 евра, во зависност од нивното искуство, дали е вклучен превозот и некои други услуги - на пример дали, покрај пасошот, би сакале да добиете и бугарска возачка дозвола или, пак, други документи - нострификација на диплома и сл. Посредниците, особено оние што се занимаваат со ова повеќе од две-три години наплаќаат од 500 до 600 евра за целиот процес, вклучувајќи ги сите трошоци. Највисоките цени за бугарско државјанство по обична постапка се 800 евра, од кои посредникот има минимум 400 евра заработувачка. Но посредниците заработуваат големи пари и од самото патување. Кога носат патници во Софија шверцуваат и разни стоки. Примаат порачки од лица од

Македонија, ги купуваат потребните стоки што се порачани и потоа ги продаваат . За шверцот на разни стоки ги користат патниците како несвесни присилени соучесници.

За едно лице да се здобие со бугарски пасош треба да се докаже дека има бугарски корени или едноставно да декларира бугарска самосвест . На тој начин Македонците преку ноќ стануваат граѓани на ЕУ , со можност да ги уживаат сите предности кои произлегуваат од тоа.

- Аплицирав за бугарски пасош поради тоа што не се гледам себеси во иднина во Македонија, сметам дека овде во целост нема да биде искористен мојот потенцијал. По завршувањето на студиите би сакала да заминам во странство, каде што ќе најдам соодветна работа на мојата струка , вели К. Захариева од Кочани.

Таа е само една од многубројните студенти кои својата иднина ќе ја градат далеку од Македонија .

- С. Манасиев од Виница веќе неколку години поседува бугарски пасош со кој во последните неколку месеци работи во Германија. Вели дека со овој пасош му се отворени секакви можности за работа .

Од спроведената електронска анкета на повеќе од 50 испитаници во која учество зеле најголем број од студенти 85.7 % , околу 73.8 % од испитаниците одговориле дека би аплицирале за бугарски пасош. Причините поради кои би се стекнале со бугарски пасош се претежно економски 50 % , поради слободен влез во Европските земји околу 45% и 22,5% би се одлучиле на овој чекор поради политички причини.

Некои ќе го оправдаат овој чин , а некои се обвинуваат меѓусебно за предавници но сепак кога станува збор за животната егзистенција луѓето се подготвени да преземат секакви мерки со кои ќе си ја осигураат иднината и ќе си го подобрат животот.

Ана Стоилова

**Жени бизнис – лидери: Светот во рацете на жени би бил подобар**

Стефанија Мијалкова

Сегашни состојби со жените - статистика Република Македонија е земја каде улогата на жените и родовата рамноправност се значајни прашања. Во моментов има 34,14% жени во Парламентот (42 од 123 пратеници) и со тоа е на 23-тото место во светот, со повисок процент од европскиот просек (24,3%). Учеството на жените во локалните совети е 30% според последните локални избори во март, 2013. Има 2 жени потпретседателки на Парламентот, 2 министерки и 2 заменички-министерки. Учеството на жените на раководни места во институциите е следно: Собрание 55%, каби- нет на Претседател 50%, Влада 56,4%, администрација 46,5%, образовни установи 41,7%, центри за социјални работи 64%, медицински установи 58,5%, универзитетски клиники 74,3%, Народна банка 62% (според Извештајот на канцеларијата на Народниот правобранител од 2012). Има 29% жени-менаџери на големи компании и 15% во управни одбори (во ЕУ 33% и 14%). Родовиот јаз е 17,9% (во ЕУ 16,2%) - (според Еуростат и Европската комисија од 2013).

Во една анкета на „Брима галуп“ дури 39 проценти од испитаниците се изјасниле дека светот ќе биде подобро место за живеење доколку жените би биле одговорни за и ја преземат политиката во свој раце, 35 проценти сметаат дека ќе биде исто, а 19 проценти полошо.

Истражувањето покажува дека во Македонија е присутна родовата пристрасност. Така нето резултатот на мажите по ова прашање изнесува 0 проценти, а кај жените е дури 41 отсто. Истражувањето било направено во Македонија во ноември 2013 година на репрезентативен примерот од 1.214 испитаници на возраст од над 15 години.

Идејата за ова истражувачка сторија е да се изгради и зајакне капацитетите на женското лидерство во Македонија, бидејќи сметам дека има многу поголем простор за активност на жените.

Желбата и мојата цел е да се охрабрат жените за да се насочат кон позитивните примери и на тој начин да се изградат и зајакнат капацитетите на женското лидерство во Македонија.

Според моите две Интервјуа што ги направив со Директорката на Клиничката Болница Елизабета Папарова и Директорката на ООУ„ Гоце Делчев “ Елена Ташкова може да се види дека постојат успешни жени во Македонија.

Елена Ташкова има завршено Дефектолошкиот факултет во Белград. Во трета година се одлучила да ја избере насоката логопедија и покрај тоа што студиите се реализирале на српски јазик, јазичната бариера не и преставувала проблем за постигнување на високи резултати во 1995 година дипломирала и својата дипломска работа ја одбранила со десетка. Елена Ташкова е едена од основачите на ЗХА Синергија, а од 2008 до 2014 година била претседател на здружението. Таа во сферата на науката досега има објавено 18 научни труда со кои има учествувано на научни конференции на државно и меѓународно ниво. Нејзината магистерска теза е објавена како книга на англики од страна на фондацијата Ламберт Академик од Германија. Директорката во делото на својот професионален развој посебно ја истакна апликацијата Делфина која била промовирана во 2013 година по повод 3 декември светскиот ден на лицата со инвалидност. Апликацијата е наменета за платформите android и windows и е

едукативна наменета за децата со посебни образовни потреби и децата со аутизам и служел за  развој на говорот кај  деца со инвалидност, за усвојување на основните поими, букви, броеви, бои, форми. 2. Од 2014 е  именувана за директор на ООУ „Гоце Делчев“ . Во моментот не работи на струката која ја има завршено, но нејзините планови за во иднина се успешно, ефективно и ефикасно да го заврши четригодишниот мандат на раководната функција директор, со издигнување на училиштето до институција чиј основен белег на препознавње би бил квалитетот, да го завраши докторскиот труд и се надева дека во иднина сето свое знаење, вештини и  искуство ќе може да го пренесе на идните генерации на студенти преку нејзиното работно ангажирање на УГД.

Прашање : Кои се вашите обврски за успешен директор?

Одговор :Успешниот директор мора да учи секојдневно, Светот се менува се побрзо и побрзо во сите домени на животот, а образованието не е исклучок. Промените кај нас треба да овозможат да се воспостави процес на континуирано подобрување на квалитетот на образованието, што е и основна цел на реформите во оваа дејност. Промените бараат не само од наставниците туку и од директорите на училиштата перманентно да се усовршуваат. Личноста директор на основното училиште има извонредно значајна улога во раководењето со училиштето. Многубројни се обврските и задачите на директорот. Тој е непосреден педагошки раководител на училиштето и затоа тој е најодговорен за остварувањето на воспитната и на образовната функција. Тој е иницијатор и пропагатор за воведување иновации и современа технологија во наставата. Добриот директор секојдневно им укажува стручна помош на наставниците, особено на младите наставници, со своите совети, педагошко знаење и искуство, како и со моќта на својот личен пример и авторитет. Го организира, следи и поттикнува усовршувањето на наставниците, а и самиот секојдневно учи и се усовршува. Директорот е упатен на тесна соработка со сите субјекти во училиштето и надвор од него, а особено со наставниците, нивните активи, со учениците, со педагошко-психолошката служба, со Бирото за развој на образованието итн. Потоа, со родителите и со органите на локалната и на пошироката заедница и др. Со сите нив тој гради хармонични меѓучовечки односи и се грижи за остварување на принципот: единство на сите фактори во воспитувањето на младите генерации. Но и за обезбедување на сите неопходни услови што се потребни за успешна работа на училиштето. За крај би додала дека современиот директор во водењето динамично училиште остварува повеќе улоги. Тој е лидер/визионер, водач, стратег, планер, иницијатор, мотиватор, организатор, кооординатор, креатор, советник, вели Елена.

Елизабета Папарова е Дипломиран економист, Магистер по здраствен менаџер и Диплома за директор во здраството. Исто така има четири дипломи од посебни модели од Шерил Универзитет во Англија.

Таа смета дека за да се биде лидер, треба  да се имаат 5 %  вродено  во себе  додека 95 % се учи. Нејзините вроботените  ги инспирира со добра комуникација и почести состаноци. Во својата работа успева со подготвува на календар на активности. Планирање како да се извршат тие активности, одредување лица и буџет за извршување и контрола на извршување на активности во работата.

Прашање : Дали има според вас разлика меѓу лидер и менаџер?

Одговор : Да има голема разлика. Лидер  е личност кој иновира,се фокусира на луѓе ја придобива соработката и поддршката на останатите во остварувањето на заедничката цел, додека пак менаџерот управува, се фокусира на системи и структура на контролата вели Елена.

Моето  интервју за крај заврши со прашањето :

Кои се вашите планови и цели во иднина ?

Одговор : Контининуирано  подобрување на квалитетот на здраствените услуги. Ние постоиме за пациентите, вели Елена.

Стефанија Мијалкова

**Користењето на стероиди во бодибилдингот**

Филип Цуцковски

Модерниот начин на живот и желбата за добро тело а со самото тоа и за секси изглед. Но и потребата односно желбата за големи резултати но за краток временски период придонесува за тоа да се дојде до користење на анаболни стероиди или познати како стероиди. Според истражувањето за тоа кој користи стероиди најголема бројка или 80% сметаат дека ги користат бодибилдерите кој што користат стероиди или пак со комбинација на други дроги за раст, додека па останатото најчесто се аматери односно лица кој што сакаат добро тело каде што има  и деца кој што сакаат брз раст на мускули преку лесен и брз пат. А исто така во едно истражување на тоа дали ги знаат негативностите од користењето на стероиди одговорот е дека дури 90% се свесни и ги знаат.

И покрај тоа што, стероидите треба и нивната првична функција е да се користат за лекување, но секако  со одобрување од лекар а воедно и законски се забранети во слободна употреба сепак има начини како да се дојде до нив. Било тоа да е на црно или пак преку порачување на интернет каде што пример „Пазар3“ може да се најдат реклами за стероиди и стимуланти каде што има и телефонски број за контакт. Но исто така има и аптеки односно аптекарки кој што без рецепта издаваат некој вид стероиди најчесто тестостерон за инјектирање.

Па така една аптекарка го споделува своето  искуство дека имало случаеви кога и било побарано машки хормон а исто така и било побарано од страна и на малолетници. А особено оваа се случувало пред одморите. Лекот е во ампули и треба да се инјектира. Сами се боцкаат и потоа вежбаат и со мал напор прават големи мускули вели Аптекарката, Таа лично не им дозволува односно не им продава но вели дека има голем број на колеги кој што го прават тоа без размислување.

Од друга страна пак има и професионални бодибилдери кој што не користат стероиди, Таков е случајот со Зоран Митров кој што има 31 година. Каде што со бодибилдинг почнал да се занимава на 18 години после повреда со која бил спречен во понатамошното играње на фудбал. Вели дека не се кае што започнал да се занимава со бодибилдинг и што го избрал тој пат. Кога станува збор за исхраната и суплементацијата тој вели дека не користи стероиди и користи само Whey isolate, glutamin,но сите овие се здрави и не се штетни по човечкото здравје.

Интересно е да се каже дека според едно друго истражување се има дојдено до информации дека во источна Македонија некој сопственици на теретани се корисници на стероиди.

Најголем број од корисниците се свесни од негативностите од страна на стероидите и знаат дека последиците можат да бидат стерилитет,оштетување на црниот дроб, кардиоваскуларни болести, депресија а во краен случај и смрт. Колку и да е строго забранет и колку и да се големи казните за продавачите сепак секогаш ќе се има начин да се дојде до нив затоа единствената заштита е самосвеста.

Филип Цуцковски

**Внатрешна миграција на младите во Р. Македонија**

Ангела Николовска

Некогаш луѓето мигрираа од село во град. Денес во Македонија актуелна е миграцијата од град во град, а младите се почесто заминуваат, некои во странство, некои во поголемите градови. Стотици села одамна опустеа, а се преполовуваат и градовите. Според статистиката направена во 2012 година над 15.000 млади луѓе, население колку цел еден град, е иселен од источниот дел на Македонија. Проблемот со невработеноста е главна тема за која се разговара речиси во секое семејство во Македонија, а проблемот е најизразен кај младата популација до 35 години.

Во спроведеното истражување беа опфатени 40 испитаници на возраст од 16 до 40 години. 54% од испитаниците се невработени доколку останатите 46% се вработени.

Покрај тешкиот пристап до вработување, предизвик со кој се соочуваат младите штом ќе успеат да најдат работа се ниските плати, како и тоа што голем дел од нив не наоѓаат вработување на нивната струка.

Нови работни места, зголемување на месечните приходи, поголем број на културни манифестации, подобрување на условите во образованието и здравството е она што најмногу им недостига на испитаниците, а на прашањето дали има работа во нивната општина 75% одговорија негативно.

Младите како приоритетен проблем го посочуваат и немањето на културни објекти, кино сали, театри, како и културните настани кои се одржуваат многу ретко.

Сведоци сме на тоа дека младите голем дел од својот живот го вложуваат во образованието и седат дома, без можност за самореализација и понудени опции за вработување.

Еден од високо образованите млади кој не може да најде работа е Никола од Берово. Има 33 години. Женет, татко на едно дете. Тој е дипломиран дефектолог. Смета дека Берово е најубавото место за живеење во Македонија. “Најголем проблем е иселувањето. На времето бевме генерациски друштва од по 100 души, а сега нема ни 30,40. Околу 60% од младите избегаа од градот, а и оние 40%  кои останале тука веќе почнуваат да размислуваат за бегање. А никој не бега затоа што  не го сака Берово, туку бараат сламка за спас некаде далеку. Ако не многу далеко тогаш во Скопје гледаат шанса подобра отколку овде”, раскажува Никола.

И тој размислувал за заминување. Не тврди дека нема да го направи тоа, но вели дека ќе биде меѓу последните кои ќе го напуштат Берово. Она што е најтрагично, смета Никола, е што се иселуваат цели семејства со мали дечиња, а ги повлекуваат со себе и постарите, па дури и бабите и дедовците.

Никола вели дека иако се снаоѓа некако и успева да го прехрани семејството, не е среќен со тоа бидејќи сака да работи на струката, она за што се образувал и завршил факултет. Иако законот предвидува секое училиште да вработува по еден дефектолог, тој тврди дека во Берово тоа не се почитува. “Во Берово има работа за дефектолог. Не знам од кои причини, но наместо мене, вработија дефектолог од Виница. Сигурно некој сметал дека јас не сум компетентен, па прими дефектолг од Виница. Не сакам да судам, секој бара шанса за егзистенција, веројатно и тој од Виница бил невработен, но дали е

овде неговото место? Зошто ако ние носиме кадри од другите општини, а сакаме да го спасиме градот, мислам дека тоа е погрешен механизам, вели Никола.

Горан е дипломиран професор по Историја. Има 34 години, роден е и живее во Делчево. Неговата сопруга завршила Педагошки факултет. Бидејќи подолго време и двајцата се без работа, од неодамна основале приватен бизнис, со надеж дека ќе обезбедат егзистенција и дека на тој начин ќе останат да живеат во родното место. “Седум години работев како професор по Историја во ОУ св.”Кирил и Методиј’’, но после промената на власта останав без работа. Конкурирав и на други места, но за жал не бев приман, беа вработени луѓе кои се од партијата на власт” раскажува Горан.

Вели дека ситуацијата за младите во Делчево е многу тешка заради што 90% од студентите кои студираат во Скопје не планираат да се вратат во Делчево.

“Не само што не остануваат во Делчево, туку не остануваат во Македонија. Планираат да заминат во странство, а меѓу нив сум и јас. Доколку за 2-3 години не се подобри ситуацијата планирам да го напуштам градот. Вработување на еден од нас ќе биде доволно за да се задоволат основните животни потреби и тогаш ќе останам да живеам овде. Ако тоа не се случи, ако не успеам да се вработам во некој од поблиските градови или во Скопје, тогаш и јас ќе заминам во странство”, вели Горан.

За разлика од овие животни приказни, постојат и други кои се со поинаква содржина.

30 годишната Марија од Делчево е дипломиран економист, образованието го завршила во Скопје каде што подоцна останала да живее и работи. Таа вели дека не размислува да се врати да живее во својот град бидејќи нејзините очекувања се исполнети и заедно со својот сопруг којшто е од Кочани живеат во сопствен стан со што нивните трошоци се намалени. “Вработувањето во државата како и секаде во светот е голема, но за подобро вработување луѓето треба сами да се трудат и сами да знаат како да се вработат, а не тоа да го очекуваат од другите и останатите да ги обвинуваат за нивната моментална состојба” вели Марија.

Големата стапка на невработеност кај младите не нуди друга опција, освен неверување во системот, државата, политичките партии како креатори на политики кои всушност треба да ги вклучат младите во процесот на донесувањето на одлуки. Многу често во огласите за работа се среќава услов како на пример искуство од две години, одлично познавање на англискиот јазик итн. како да се стекне тоа искуство или познавање ако не е понудена таа опција од страна на државата за практиканство и стекнување на потребното искуство.

За да се реши овој проблем потребно е да постојат младински центри на општинско ниво каде што младите ќе можат слободно да се изразуваат, да имаат активности кои ќе им овозможат да се стекнат со дополнителни информации и знаења. Потребно е да постојат локални стратегии за млади кои ќе им овозможат решавање на проблемите на младите на локално ниво и нивно вклучување во процесот на донесување на одлуки преку формирање на младински совети.

Ангела Николовска Број на индекс 071723

## Остварувањето на студентските права е императив, не привилегија на 21 век

Христина Спирова

Доаѓањето на свет доделува човечки права, станувањето дел од академска заедница пак доделува студентски права. Да се биде студент е повеќе од молкум следење предавања доколку воопшто се одржат, повеќе од страв од авторитети и инфериорност, од бескрајно трпение за функционалност на системот... Да се знаат сопствените права и да се застане зад истите, да се каже своето мислење, да се даде студентски чекор напред за да секој оној кој што ќе прекрши студентско право даде еден назад, тоа значи да се биде студент. Ако интелектот и неговото развивање се движечката сила, а универзитетите се институции кои би требало да го хранат истиот, тогаш остварувањето на студентските права е императив, а не привилегија, особено не во 21 век. Потребата од заштита и промовирање на студентските права влечат потреба од соодветен механизам на заштита. Токму во таа насока, во функција на канализатор на проблемите на студентите, предлагач на решенија и директен посредник меѓу студентите и факултетите се јавува студентскиот правобранител. Овој поим не е на дневен ред на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“, поради што е главна тема на оваа истражувачка сторија разработена во продолжение.

### *Зад правата на студентите стои Закон, но не и СПУГД*

Следејќи ја хиерархијата на правните акти, прашањето за студентски правобранител го третира најпрвин Законот за високо образование. Член 150 од Законот за високо образование ги опфаќа правата и обврските на студентот како член на академската заедница, при што според последната точка од членот 150 од Законот за високо образование: „заради заштита на правата на студентите на секој универзитет се формира студентски правобранител, надлежноста, изборот и работата на студентскиот правобранител се утврдува со статутот на универзитетот.“ Од овој закон, уредувањето на функцијата на студентскиот правобранител понатаму се доделува на Статутот на Универзитетот Гоце Делчев. Во рамки на Стаутот на УГД, студентскиот правобранител како субјект се обработува во членовите 327 - 336 на Статутот. Според член 327 од Статутот заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се избира студентски правобранител на Универзитетот. Круцијалноста на функцијата на студентскиот правобранител се огледува особено во член 328 од Статутот, кој ја објаснува функцијата на студентскиот правобранител како заштитник на законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и единиците кога истите им се повредени од страна на Универзитетот и единиците, како и лица вклучени во наставно-образовниот процес. Членот 330 од Статутот на УГД вели дека одлуката за назначување на студентскиот правобранител со мандат од две години без право на повторен избор ја донесува Студентскиот парламент на УГД што значи дека целата понатамошна надлежност во насока на студентскиот правобранител е во рацете на Студентскиот парламент. СПУГД на седница одржана на 01.07.2010 донесува Статут на Студентсиот парламент. Иако Статутот на СПУГД е документ од јавен карактер, по претходно барање, претседателот на СПУГД истиот не го приложи доброволно, но поради тоа што има јавен карактер секако беше достапен во Централниот регистар. Статутот на СПУГД со дел од своите членови се фокусира на студентскиот правобранител. Според член 24, надлежност на СПУГД е да распише конкурс за избор

на Студентски правобранител на Универзитетот. Според член 330 од Статутот на УГД поблиски одредби за начинот на предлагањето, изборот, престанувањето на функцијата и разрешувањето на студентскиот правобранител се утврдуваат со Правилник за Студентскиот парламент на Универзитетот. Студентскиот парламент не поседува сопствен правилник како што е одредено во член 425 од Статутот на УГД што значи дека СПУГД како надлежно тело за назначување на студентски правобранител, воопшто не го обработува истото прашање подетално во своите акти.

### *„Дојди, потпиши се и стануваш студентски правобранител“*

Во отсуство на Правилник на СПУГД за конкретно уредување на начинот на предлагање и изборот на студентски правобранител, остануваат за разработување поединечните членови од Статутот на УГД и на Студентскиот парламент. Според член 330 од Статутот на УГД во надлежност на СПУГД е да назначи студентски правобранител на Универзитетот, а според член 24 од Статутот на СПУГД, Парламентот е надлежен да распише конкурс за избор на Студентски правобранител. „Досега конкурс за студентски правобранител не е имало, студентски правобранител немаше назначено ниту за време на мандатот на претходниот претседател на Студентскиот парламент, ниту за време на мојот мандат“ вели актуелниот претседател на СПУГД, Горан Стаменков, на што уште додаде дека СПУГД воопшто се нема обратено на студент од Правниот факултет при УГД за назначување на истиот за улогата студентски правобранител. Наспроти ова, Кристијан Панев, студент од Правниот факултет при УГД изјави: „Во почетокот на првиот мандат на Студентскиот парламент започнав да одам на состаноците на Парламентот и по неколку од нив почнав да слушам гласини од делегатите на парламентот дека се во план да ме изберат за студентски правобранител. Конфузно ми беше како би ме избрале без претходно да ја знаат мојата позадина во поглед на мојот успех во студиите кој е еден од критериумите за избор на студентски правобранител“, вели Кристијан.. „Откако престанав да одам на состаноците, почнав да добивам телефонски пораки со покана да присуствувам на еден од состаноците на кој би требало да дадам свој потпис и формално да бидам прогласен за претседател“ вели Панев „би требало да биде објавен конкурс на кој што начин јас би бил согласен да се пријавам за функцијата студентски правобранител, а не да бидам претходно избран па само пост-фестум да потпишам нешто“ додава тој. По ваквиот начин на обид за назначување на студентски правобранител на Универзитетот „Гоце Делчев“ кој се коси со членот 24 од Статутот на Студентскиот парламент, повторен обид за назначување на студентски правобранител до сега немало.

### *СПУГД одлучи: твојот проблем не е доволно сериозен за да имаш право да се обратиш на студентски правобранител*

Обработувањето на функцијата студентски правобранител во Законот за високо образование, Статутот на УГД како и Статутот на СПУГД е само по себе доволен индикатор на важноста на постоење на тело кое ќе посредува и директно ќе учествува во решавањето на проблемите на студентите. Додека од една страна стои зборот на правните акти, од друга страна лебди ставот на членовите на СПУГД. На прашањето зошто нема назначен студентски правобранител на УГД, претседателот на СПУГД, Горан Стаменков вели „ До сега се нема јавено реална потреба од студентски правобранител, студентите не се соочуваат со проблеми за кои би имало потреба од студентски правобранител кој би ги решавал истите, според што тој правобранител би

бил вишок тело на Универзитетот". Ваквиот став на членовите на СПУГД се коси со функцијата на еден студентски правобранител кој би функционирал на различни нивоа, од едноставно советување или споделување информации до директно посредување за решавање на проблем. Во насока на ова, Димитар Апасиев, професор на Правниот факултет при УГД, вели: „Студентскиот правобранител е законски предвидена институција, па оттука не е прашање на волја, туку обврска на секоја акредитирана високообразовна институиција". СПУГД по сопствена одлука надлежноста на студентскиот правобранител си ја доделува на себе поради ставот дека, како што вели претседателот на Парламентот, Стаменков: "Ние ги решаваме сите проблеми кои можеме, па дури и во својство на студентски правобранител". И покрај тоа што според претседателот на Студентскиот Парламент грижата за правата на студентите и за решавањето на нивните проблеми е првична и основна дејност токму на Студентскиот парламент, сепак, во пракса, според спроведената анкета на студенти при УГД, најголем дел или 96% од студентите се обраќаат на други тела (професори, декани, ректор) за решавање на проблемите, додека само 4% или 8 од вкупно 200 испитаници за својот проблем се обратиле на Студентскиот парламент. Изземајќи ги студентите од нивната можност да се обратат на правобранител кој ќе ги канализира нивните проблеми, СПУГД доведува до таква пракса да студентите самостојно настапуваат пред деканската и ректорската управа и сами успеваат да издејствуваат решавање на нивните проблеми, функционирајќи во доменот на решавање на студентските проблеми подобро од самата организација на СПУГД.

### *Студентскиот правобранител е демократска придобивка*

Според актуелниот декан на Правен факултет, Јован Ананиев, од особено значење е да на Универзитетот има назначен правобранител до кој студентите ќе ги адресираат своите проблеми и кој ќе ги канализира истите и истовремено ќе дава мислење како проблемите да се решат. Она што дополнително ја зголемува ефективноста на студентскиот правобранител, вели Ананиев, е што „можноста на студентите да за своите проблеми се обратат на друг студент ,кој истовремено е во функција на правобранител, ги олободува студентите од чувството на инфериорност од професорите и истовремено создава чувство на пристапност и позитивна клима за споделување и ефикасно изнаоѓање на решенија". Според Ананиев, назначувањето на студентски правобранител не е во полза само на студентите, туку и професорите кои би имале подобар увид на проблемите со кои се соочуваат студентите . Ананиев за назначувањето на студентски правобранител вели дека е неизбежно и го нарекува демократска придобивка додавајќи: „Зборуваме за демократија на ниво на Универзитет, ние треба секојдневно да ја практикуваме таа демократија, па да зборуваме понатаму за други демократии и на крај да зборуваме за демократија на национално ниво." Ананиев особено потенцира дека студентскиот правобранител треба да биде вистински заштитник на правата а не про-форма, и истиот треба да посредува во создавањето на реалната слика за состојбата на студентите. Што се однесува на СПУГД, деканот смета дека СПУГД моментално не е функционален механизам за детекција на проблем, сам по себе не е мостот меѓу студентите и факултетите и не е соодветниот партнер во работата кој му е потребен на Универзитетот. Една од причините поради кои СПУГД нема назначено студентски правобранител е и непостоењето на санкција за непочитувањето на законска обврска за назначување на студентски правобранител „Кога нешто е правно-обврзувачко, а за истото санкција не постои, тогаш тоа нешто го губи својот правно-обврзувачки карактер", вели Ананиев.

### *Студентите плаќаат за услуга која не постои*

При уписот на секој нов семестар на Факултетите при УГД без разлика дали истиот се запишува по прв, втор или повисок пат, студентите го добиваат следниве инструкции за износите чие плаќање е задолжително

| Запишување на непарен семестар по прв пат | | | |
|---|---|---|---|
| | Студиска програма | | |
| Приходна шифра | 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 и идни |
| 723012 | Партиципација по семестар | | |
| 723014 | 1.200,00 (Лабораториски вежби, само за студенти на ФМН) | 1.000,00 (Лабораториски вежби, само за студенти на ФМН) | 1.000,00 (Лабораториски вежби / Теренска настава, за сите студенти) |
| 723019* | 1.320,00 | 1.300,00 | |
| 723119 | 760,00 (ИКСА) | | |
| 200002248241063 | 210,00 (Студентски правобранител и Студентски парламент) | | |
| 200001926783548 | 390,00 (Студентски / Спортски активности) | | |
| Административна такса/ТМ | 100,00 (Административни такси за семестрален и розов лист) | | |
| *Нотација: За запишување на предмети кои се преостаната обврска, дополнително е потребно да се располага со сума = 100,00 денари (цена на кредит) * Број на кредити (на предметот кој се презапишува од преостаната обврска) на приходна шифра 723019 | | | |

| Запишување на непарен семестар по втор или повисок пат | | | |
|---|---|---|---|
| | Студиска програма | | |
| Приходна шифра | 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 2012/2013 | 2013/2014 и идни |
| 723014 | 1.200,00 (Лабораториски вежби, само за студенти на ФМН) | 1.000,00 (Лабораториски вежби, само за студенти на ФМН) | 1.000,00 (Лабораториски вежби / Теренска настава, за сите студенти) |
| 723019* | 1.320,00 | 1.300,00 | |
| 723119 | 760,00 (ИКСА) | | |
| 200002248241063 | 210,00 (Студентски правобранител и Студентски парламент) | | |
| 200001926783548 | 390,00 (Студентски / Спортски активности) | | |
| Административна такса/ТМ | 100,00 (Административни такси за семестрален и розов лист) | | |
| *Нотација: За презапишување на предметите од семестарот и предметите кои се преостаната обврска (доколку има), дополнително е потребно да се располага со сума = 100,00 денари (цена на кредит) * Број на кредити (за сите предмети кои се презапишуваат во семестарот и предметите од преостаната обврска на приходна шифра 723019) | | | |

Според ова, студентите при УГД за да запишат нов семестар задолжително мораат да платат заеднички износ од 210 денари за СПУГД и студентски правобранител. Доколку студентите сакаат подетално да се информирате што всушност плаќаат, достапен е и тарифник на Универзитетот во кој стои дека 150 од спомenатите 210 денари се уплаќаат за СПУГД а останатите 60 денари се уплаќаат за услугите на студентскиот правобранител на УГД кој не ни постои, при што двата износи се уплаќаат на иста приходна шифра 723119.

| Ред. бр. | Вид на Услуга | Цена (во денари) | Приходна(и) шифра(и) |
|---|---|---|---|
| 45 | Повторно активирање на прекинати студии | 6.000,00 | |
| 46 | Лабараториски вежби | 500,00 | 723014 |
| 47 | Студентски активности | 500,00 | 723119 |
| 48 | Информатички и културно - спортски активности | 650,00 | |
| 49 | Студентски правобранител | 60,00 | |
| 50 | Студентски парламент и други форми на организирање на студентите на Универзитетот | 150,00 | |

За средствата кои студентите ги плаќаат за студентски правобранител, претседателот на Студентскиор парламент вели: „се трошат за потребите и целите на Студентскиот парламент". Студентите плаќаат за студентски правобранител кој не постои и чиви услуги тие воопшто и немаат можност да ги користат, и така неоправдано уплатените средства за студентски правобранител се пренасочуваат во буџетот на Студентскиот парламент за кој плаќањето е противуставно и кој претставува здружение на граѓани поради што за истиот студентите имаат право но не и обврска да плаќаат. Додатно на ова, според спроведената анкета на студентите при УГД, 67% од студентите не ни знаат

дека плаќаат за студентски правобранител. Токму ваквиот прилив на средства може да се јави како негативен фактор. Според деканот Ананиев, причината поради која СПУГД не ја извршува својата работа соодветно е поради тоа што членовите се свесни за фактот дека без разлика дали Студентскиот парламент работи соодветно или не, ги штити правата на студентите или не, во секој случај добива пари на своја сметка.

***Студентите наспроти СПУГД: Имаме потреба од студентски правобранител***

200 студенти од сите факултети и сите студиски години (додипломски и постдиплмоски студии) при УГД земени како репрезентативен примерок имаа можност да одговорат на анкета фокусирана на проблемот со студентски правобранител при УГД. 72% од испитаниците, студенти при УГД, одговориле дека воопшто не се ни запознати со функцијата на студентскиот правобранител. За да ги остварат своите студентски права, студентите истите треба да ги знаат, но и да знаат како да ги заштитат. Фактот дека студентите при УГД не се запознати со поимот студентски правобранител и неговата функција, говори за тоа дека се помирени со сознанието дека проблемите ќе им бидат решени единствено ако се осмелат сами директно да пристапат до телата на Универзитетот и да побараат заштита или помош за решавање на проблемите. Само ако студентите не наишле на подобри услови за нивна заштита до сега, не значи и дека не ги заслужуваат во иднина. Во своето досегашно функционирање СПУГД ниту еднаш нема назначен студентски правобранител, поради што студентите при УГД се лишени од доволно познавање на можноста за остварување, промоција и заштита на своите права и од фактот дека во случај на постоечки проблеми би можеле да се потпрат на еден посилен заштитен механизам и механизам на детекција на проблеми - студенткиот правобранител. Во завршниот дел на анкетата каде функцијата на студентскиот парламент на кратко се опишува како заштитник на правата на студентите, 72% од испитаниците се изјасниле како согласни со тоа дека на студентите им е потребен студентски правобранител за заштита на студентските права, а само 7 од вкупно 200 суденти сметаат дека студентски правобранител не е потребен и покрај тоа што дел од нив не се ни запознати со функцијата на студентскиот правобранител. Потребно е на студентите да им се предочи бенефитот од функцијата на студентскиот правобранител и олеснувањата кои неговото посредство би им го овозможило на студентите, за да кај истите би се јавил ентузијазам за покренување за иницијатива за назначување на студентски правобранител. Студентите имаат моќ да направат промени.

## Сумирање на истражувањето

***Назначувањето на студентски правобранител е императив и демократска придобивка, не привилегија***

Ако со доаѓањето на свет се стекнуваат човечки права, со станувањето дел од академска заедница се стекнуваат студентски права. Да се биде студент е повеќе од молкум следење предавања доколку воопшто се одржат, повеќе од страв од авторитети и инфериорност, од бескрајно трпение за функционалност на системот... Да се знаат сопствените права и да се застане зад истите, да се каже своето мислење, да се даде студентски чекор напред за да секој оној кој што ќе прекрши студентско право даде еден назад, тоа значи да се биде студент. Ако интелектот и неговото развивање се движечката сила, тогаш остварувањето на студентските права е императив, а не привилегија, особено не во 21ви век. Круцијалноста на заштитата и промовирањето на студентските права влече потреба од соодветен механизам на заштита, институција доволно гласна да го пренесе гласот на секој студент- потреба од студентски правобранител. Назначувањето на студентски правобранител на ниво на Македонија е

определно со Закон за високо образование, за да потоа се разработи поконкретно со актите на универзитетите. Кога станува збор за Универзитетот Гоце Делчев, покрај споменатиот закон, императивниот карактер на назначување на студентски правобранител е определен и со Статутот на Универзитетот и Статутот на Студентскиот парламент кој ја има надлежноста за назначување на студентски правобранител. Во досегашното свое постоење, Студентскиот парламент ниту еднаш нема назначено студентски правобранител. Студентскиот парламент со години одбира да му се спротистави на Законот за високо образование, Статутот на УГД и сопствениот Статут и во својата одлука за неназначување на студентски правобранител се води според незаснована и своеволна одлука на членовите на Парламентот дека студентите при УГД немаат потреба од студентски правобранител поради тоа што студентите не се среќаваат со доволно сериозни проблеми. Додека Студентскиот парламент го следи својот изум на мерило за сериозност на проблеми, во пракса студентите секојдневно се обраќаат лично на ректорската и деканската управа, ако за тоа соберат храброст поради чувството на инфериорност пред авторитетите на универзитетските тела. Според членовите на Студентскиот парламент, тој успешно ги решавал проблемите на студентите, поради што постоењето на студентски правобранител на овој универзитет наводно би било излишно. Спротивно на ова говорат одговорите на студентите на спроведената анкета во чив фокус беше прашањето за студентски правобранител. Додека од една страна претставништвото на СПУГД тврди дека сите проблеми на студентите тие ги решаваат успешно, од друга страна студентите велат дека скоро и да не се обраќаат за помош на СПУГД. Од репрезентативна група од 200 студенти од сите факултети и студиски години на УГД, само 8 студенти одговориле дека му се обраќаат на Студентскиот парламент додека сите останати се обраќаат до професори, декани и ректорот на Универзитетот. И покрај тоа што студентски правобранител воопшто не назначил, а според ставот не ни планира да назначи правобранител, Студентскиот парламент го користи средствата кои студентите незасновано ги плаќаат за услугите на студентски правобранител. Овој износ е услов за упис на секој нов семестар и покрај тоа што институцијата студентски правобранител не ни постои на Универзитетот „Гоце Делчев". Износот за студентски правобранител се плаќа на иста сметка со износот за Студентски парламент, кое што плаќање патем е противуставно, со што, како што вели актуелниот претседател на Студентскиот парламент, сите средства заедно се насочуваат кон целите на Студентскиот парламент. Со ова, студентите се оштетени двократно: од една страна поради плаќањето за студентски правобранител кој воопшто не постои, и од друга страна плаќањето за услугите на Студентски парламент кое може да биде нивно право, но не и обврска, поради што наметната задолжителност за плаќање на Студентски парламент е противуставна и веќе отфрлена од други универзитети во земјава. Одлуката на СПУГД за неназначување на студентски правобранител и за ставање на истиот во сенка слободно може да се нарече себична поради тоа што студентите се лишени од сознанието за посилен механизам на заштита, промоција на студентските права, како и детектирање и решавање на нивните проблеми. Потребата од ваков механизам е значајна не само за студентите туку и за професорите на овој Универзитет. „Назначувањето на студентски правобранител е задолжително и е демократска придобивка, вели деканот на Правен факултет Јован Ананиев, зборуваме за демократија на ниво на Универзитетот, ние треба секојдневно да ја применуваме таа демократија, па да зборуваме понатаму за други демократии и на крај да зборуваме за демократија на национално ниво" додава Ананиев. Игнорирањето на потребите на студентите не води кон ништо друго освен кон заклучокот дека Студентскиот парламент нема интерес да им излезе во пресрет на истите, поради што не е мостот меѓу студентите и факултетите и не е партнерот во решавањето на проблемите не Универзитетот кој се очекувало да биде…

Година на студирање (200 responses)




Факултет на кој студирате (200 responses)




Во текот на досегашното студирање сте имале проблеми со (повеќе можни одговори) :
(196 responses)




Кому му се обраќате за проблемите кои ги имате во тек на студирањето?
(199 responses)



Запознати ли сте со функцијата студентски правобранител? (198 responses)




Знаете ли дека плаќате за студентски правобранител? (199 responses)




На студентите им е потребен студентски правобранител за заштита на студентските права
(199 responses)



*Студентски правобранител*

**Член 327**

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се избира студентски правобранител на Универзитетот (во понатамошниот текст: студентски правобранител).

**Член 328**

Студентскиот правобранител ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и единиците кога истите им се повредени од страна на Универзитетот и единиците, како и од лица вклучени во наставно-образовниот процес.

**Член 330**

Студентскиот правобранител се избира од редот на редовните студенти на правните студии со минимум завршен четврти семестар и просек на студии најмалку 8, 00.

Студентскиот парламент избира правобранител за време од 2 (две) години без право на повторен избор.

Доколку Студентскиот парламент или Ректорската управа утврдат недоверба во работата на студентскиот правобранител поведуваат постапка за негово разрешување.

На студентскиот правобранител му престанува функцијата и пред истекот на времето од претходниот став на овој член, доколку го изгуби или промени статусот на студент.

Поблиски одредби за начинот на предлагање, изборот, престанувањето на функцијата и разрешувањето на студентскиот правобранител се утврдуваат со Правилник за Студентскиот парламент на Универзитетот.

**Членови од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ кои се однесуваат на студентскиот правобранител**

**Член 24**

Надлежност на Претседателство на Студентскиот Парламент на Универзитетот е да:

- Ги спроведува статутарните и програмски задачи на Студентскиот Парламент на Универзитетот, како и одлуките и заклучоците на Студентскиот Парламент на Универзитетот;
- Донесува и реализира годишни програми за работа;
- Предлага измени и дополнувања на Статутот на Студентскиот Парламент на Универзитетот;
- Распишува конкурс за избор на Студентски правобранител на Универзитетот;
- Предлага соодветни правилници на Студентскиот Парламент на Универзитетот;
- Предлага одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- Одлучува за располагање на средствата во рамките на финансискиот план;
- Одлучува за службени патувања во странство;
- Предлага Претседатели на Комисии на Студентскиот Парламент на Универзитетот;
- Поднесува финанисики извештај до Студентскиот парламент на Универзитетот;
- Извршува и други работи кои ќе му ги довери Студентскиот Парламент на Универзитетот

**Член на Статутот на СПУГД**

Христина Спирова

**(De)motivate yourself: study journalism in Macedonia**
Juta Liutkeviciute

This March five Macedonian journalists and media organizations requested for a meeting with the President Gorge Ivanov and other influential politicians in order to express their demands on urgent media reforms. As the Association of Journalists of Macedonia (AJM) points in their Summary of the Media Situation in Macedonia, the challenges that journalists face here include detention, restrictive new media legislation, the government's intrusion in media market through large advertising campaigns, lack of transparent ownership, and the polarization of the media along lines of political and business affiliation.
No matter the issues mentioned above, part of Macedonian youth each year enrolls to study journalism all over the country. Are they fascinated about the idea of working in a most likely bias (either pro or anti governmental) media outlet without contracts, insurance, paid vacation, and getting a minimum wage, which is around 250-300 euros per month?
This research is dedicated to journalism students in Goce Delcev's university of Stip in order to take a deeper look into their motives of choosing this field of study and to feel the daily moods among academic journalism community.

The dean: "Journalism is more about skills than knowledge"
Goce Delcev's university of Stip is a new education institution which recently celebrated its 9th birthday. Since 2009 students here have the chance to join Journalism and Public Relation studies as a part of study programs offered by the Faculty of Law.
Professor in political science and the dean of the faculty Jovan Ananiev says that the aim of this program is „to educate future journalists and public relation officers".
That's right – to educate journalists and public relation officers at the same time with the help of one study program. Here we face an interesting convergence of two different fields of study, which are often referred to be total opposites. As George Orwell (who was not only a writer, but a journalist, too) once said, "Journalism is printing what someone else does not want printed. Everything else is public relations". So how can these two come together in one curricula?
"Even though journalism and PR are opposite concepts, I think that it is necessary for a good journalist to have PR skills and to know secret tools of this field of study and vice versa. It is important to educate students in more than one pillar, that's why we made our curricula more complex", - said Mr. Ananiev, dean of the Faculty of Law.
The dean was more worried about other issue among journalism students – lack of general knowledge about politics, economics and other problematic fields.
"Journalism studies are more about skills than knowledge. But it's necessary for all journalists to be more educated, not to have only to have required skills. Now journalism students don't get the chance to study political science, constitutional law or international organizations. How can you prepare a story about political crisis in Macedonia, if you don't know who elect our government?"
Mr. Ananiev admitted that journalism study curricula lacks courses of political science, economics, sociology and cultural anthropology and focuses most on theory of journalism and communication (60% of all the subjects), elective courses in the field of law (30%) and other (10%).
Nevertheless, the dean referred to journalism students as creative and in love with their future to be profession. He had a chance to make sure of that while giving lectures on political science and human rights. However, he thinks there are some social reasons, which can be huge demotivators while trying to decide wheter to study journalism or not.
„Firs of all, we have very dependent media from governmental and opposition parties or separate undercover centers of finances. Second reason is the salary which is not so good in our media. Maybe that's why students choose legal studies, because then they have opportunity not only to work as lawyers, but as journalists, too. Same goes with economics or political science".

Still, Mr. Ananiev thinks that an approximate 300 euros salary per month is a great deal for a young journalist. If not, according to him, you can always find another part-time job. Also he believes that journalism labor market is ready to employ new journalists.

Quitted being an active journalist and now works as a waiter

But practice shows that former journalism students are not always satisfied by the reality they have to face in the labor market. Nenad Micov graduated from Journalism and Public Relations studies in Goce Delcev's University of Stip in 2014. While studying, he was and intern in universities' student's radio UGD-FM for 3 years, also he was both deputy editor and an editor-in-chief for three years in a row at the university's student magazine "Studentsko eho". After graduation he was working at the regional TV station "TV Star" in Stip as a journalist and reporter and his last job was at the national radio station "Kanal 77" as journalist and presenter in the newsroom. Today Nenad works as a waiter in one of Skopje's cafes and he believes that it's almost impossible to be a good and objective journalist in Macedonia. What made him leave this professional field?

"One of the main reasons was the general situation with the freedom of speech in our country, which ranks as partially free according to the last Freedom House reports and has been noticing constant decline in the last five years, making it one of the worst in the region.

Another reason was the rise of "copy-paste" journalism in the era of online media giving an opportunity to everyone with access to the Internet to become a "journalist", which decreased the value of the professional journalistic work. This also led to uncompetitive salary in the media fields, which was also another of my personal reasons to quit working as a journalist".

Currently Nenad is doing a 2-year MA degree in Management of strategic communications at the Institute of communication studies in Skopje. In the future he sees himself working in the corporate creative industries, focused in the PR, marketing or advertising departments.

Remembering his experience back in the university, Nenad has to say nothing but good. He thinks that the leading professors were proved academic professionals with experience in their respective fields, which made lectures very interactive and motivating. Although he thinks it would have been better if he had the chance to study for more than 3 years in order to get bachelor's degree.

Former journalism student: "We are smart enough for democracy"

Of course, there are other cases, when journalism graduates successfully find their place in this professional field. A good example of that is Goran Nakovski. He was in the very first generation (2009-2013) who graduated from Journalism and Public relation studies in Goce Delcev's university and he refers to his experience as an amazing journey which changed the way he live.

"I think that journalism and public relations is truly one of the best platforms for building your career, especially if you want to work something creative. I have always been interested in writing, so this program was the perfect choice in that time."

Today Goran works basically as a music editor, also writing related articles in Angels FM – radio station located and broadcasted in Stip. Unfortunately, besides him, only few of his course mates continued to work in journalism field after studies.

"In the beginning we were all persistent fighters, but not for long. I don't know if we are enough to make a "revolution" in our media world. At least, not for now. While journalism is the most profitable profession all around the world, in our country it's one of the less paying and the most disrespected professions of all."

Goran believes it's not only the media who is being controlled by the politicians, but also every other aspect of Macedonian society.

"Where you shop, what you watch on TV, what sort of music you listen to, who you associate with – it's all politicized. If you're not with the politicized being, you're against him -- and if you're against him, he is well within his rights to ruin you personally and economically. But I think that we are smart enough for democracy and not being manipulated."

Motivation decreases during the year

Current journalism student Filip Cuckovski agrees, that media situation in Macedonia is not so good, since it's strongly politicized. Maybe that's why he, other than Goran, is not so enthusiastic about his studies.
When asked why he chose to study this field, Filip said it's because journalism is not like other jobs "where almost every day is the same". Even though this idea sounds encouraging, while asked to rate his study program in scale from 1 to 10, Filip chose 5 without further explanation about his experience during 3 years of studies, except for the 3 days of practice which was "nothing special".
Filip thinks that his course mates were more enthusiastic about their studies in the beginning, and now they're more skeptical about it: "Being a journalist is fun, for some people it's a prestigious and powerful profession, but everything here is connected with politics and I don't like it".
None of the activities or hobbies that Filip has are connected with journalism and it was hard for him to name any media outlets he admires.

Former BBC journalist: "Students want to become famous overnight"
Vesna Kolovska has been working as a journalist for over 25 years. During her career, which started in radio Kanal 77 broadcaster in Stip, she worked as a Macedonian correspondent for BBC's World Service and is one of the founders of a nonprofit organization "Diversity Media" established to promote professional journalism, contribute to a greater freedom of speech, and to support democracy and pluralism in Macedonia. Mrs. Kolovska thinks that nowadays journalism students chose the profession for wrong reasons.
"Too often they think that it's not interesting or necessary to cover topics about politics, economics or social issues. They find it more attractive to go to concerts, cover topics about popular culture and show business in general. Most of the time they want to stand in front of the camera, talk to celebrities and become famous overnight".
Mrs. Kolovska believes that current journalists are not ready to invest their time in investigative stories or spend days researching and arguing with the government. Political journalism is usually found boring. Another reason for reduced quality of journalism in the country is money.
"When I asked students at MIM (Macedonian Institute for Media in Skopje) why they chose to study public relations instead of journalism, money was the answer. They think that it will be easier for them to find a better paid job with that kind of degree".
The reason of small salaries among journalists may lay in the fact that there are over 200 different media outlets in Macedonia (country population of 2 million). As Mrs. Kolovska refers, this number is only an illusion, that the Macedonian media is free. Such a big number is not beneficial neither to journalists or media owners.
"When it comes to working relationships, there is another problem – social guarantees and the assurance of freedom. There is no problem to get a contract with specific media outlet. The main issue is that the contract usually includes only journalist‘s duties, obligations and responsibilities, and says nothing about the rights, benefits or freedom of speech“.

Can you trust a student you invested in?
Mrs. Kolovska remembered her experience when she graduated journalism studies back in 1991 in Skopje and went to the newsroom without a one day of practice. She said it was hard to find a supervisor who would explain to her how everything works. Seems like today the situation haven‘t changed much.
"Students come to practice in Kanal 77 radio with very little or no skills at all and they have to learn everything here. Since everyone in the newsroom is busy, it's hard to find a person who would supervise a young colleague. This is especially tricky when you can never know if this young person will stay in the profession – maybe after a year he or she will leave for another position in order to get more money."
And there is no question that a freshly graduated student requires some guidance. As Mrs. Kolovska said, they face lots of obstacles in their work from getting a statement from the government to writing down an investigative story, which usually requires at least half a year of skillful work.

Kanal 77 tries to solve these problems by giving scholarships for several MIM students in order for them to work in their newsroom for 2 years after graduation. It is worth mentioning, that if you want to work in this broadcaster, you must have journalism degree, as a proof of your dedication to the profession. This practice turned out to be successful, since there are new staff members swimmingly integrated in the activity. Still, there are some less joyful experiences.
"We dedicated the scholarship for one student and he worked with us for 2 years after graduation. Unfortunately, after this time, he went to the United States and is now living there without any thoughts about coming back to Macedonia or journalism at all. So I think we have a lost soul here".
However, Mrs. Kolovska believes in the brighter future of Macedonian journalist, especially when it comes to investigative stories.
"Government will stay the same, but journalists have the opportunity to open small windows to the democracy by self-regulation and great investigative stories. As for current students I can wish only three things: work hard, be ambitious and love the profession, because journalism is all about passion".

Good journalism hardly gets published
One of those passionate about journalism we can call Hristina Spirova, who studies journalism for 3 years already. Besides that, she hosts a weekly radio show on universities' radio UGD FM and she links her future career to radio journalism. In scale from 1 to 10 she rated her studies with 7.
"The first thing I would work on in our study curricula is practice. Organizing more activities, going places, meeting people, working on projects, writing stories, etc. Theoretical knowledge is of a huge importance but I think practice is what's really crucial in this profession and a lot of changes about that need to be done on this faculty".
Hristina considers not only the lack of practice, but the motivation of journalism students to be a problem, too. She believes that they need someone to help to bring out the inner passion for journalism. Still, Hristina thinks that there is a group of people who chose journalism studies just because they think it's easy and they need any type of degree.
While speaking about the general situation in Macedonian media, Hristina believes there are several turn offs to choose journalism studies.
"First of all, it's hard to find a job in the area you've studied for. Another thing is that Macedonian media is not free and independent. The power of money, the power of corruption and manipulation overcame the power of pure objective information. The way this state is being led is not transparent to the people anymore, the journalists and media in general lost their power of changing things and became submissive actors in the whole situation that only serve the state, but not the people. The abuse and overuse of authority by this state's peaks chained the freedom of the media".
In this case, it's no surprise that the image of journalists, according to Hristina, is not very flattering.
"The good ones don't get the opportunity to show their work to the mass, or in the worst case scenario – they get killed. They are being threatened on daily basis and that fear of being punished in any way about their work disables them to stand by their professionalism. The others are politically oriented and they're willing to be accomplices in the political parties' propaganda in order to keep their job or to get money on one way or another."

Journalism students rarely cover political issues
Igor Stojanov, who works as an editor in Goce Delcev's university's radio and television (UGD channel) agrees, that the environment for free media in the country is not so good. Still, he believes that journalists along with doctors and scientists are the ones who are actually changing the world. But are journalism students taking this opportunity seriously?
"I cannot generalize whether they are motivated or not. Some of them have passion for journalism, and some of them are not that much interested. However, I would say that they are enthusiastic about journalism as much as their teachers are passionate. All students can have

knowledge as much as their professors. So, the fault whether the students are motivated falls equally to students and professors”.
Mr. Stojanov admits there are some things to be changed in journalism studies curricula and the majority of them are related with latest journalism trends and technology.
“We should focus more on future of journalism itself, such as: multimedia, online journalism, reporting through social networks, etc. Also it’s urgent to incorporate scientific journalism in everyday practice because it conveys scientific methods that can be an excellent basis for investigative journalism”.
As an academic, who saw journalism students both in their lectures and during their practice in UGD’s radio or television studios, Mr. Stojanov thinks that students do not adjust their study knowledge in real work.
“Many of the students make a distinction between real life and their studies. Perhaps, that barrier generally arises from the educational system that in some sense does not correlate with the everyday life so you might get the impression that "it's just a theory." In journalism it should not be the case - practice should be an integral part of the study process at the faculty”.
UGD’s radio and television studios have around 20 interns per year including students from all the faculties. Even though universities’ TV and radio studios in Stip have all the required equipment and is freshly set up for a full-fledged practice, during the last few years the majority of youth choses to study and practice journalism in Skopje.
Bearing in mind, that UGD channel is not directly influenced by any political powers, do journalism students here use the opportunity to cover problematic topics on politics or economics during their practice? According to Mr. Stojanov, not really. He noted that students from other faculties are more willing to cover these topics while journalism students focus more on subjects less related to politics or economics.

Juta Liutkeviciute